20252154223

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП

Врз основа на членовите 132 и 144 од Законот за авторското право и сродните права на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр.115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), член 13, став 1, точка 1 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје (во понатамошниот текст: ЗАМП Скопје), Собранието на ЗАМП Скопје на седницата одржана на ден 10.10.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ

Член 1

Се менува член 41 став 1 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/14, бр. 36/16, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/23, бр.263/23, бр.286/23, бр.135/24, бр.218/24 и бр. 275/25) и истиот по промената ќе гласи:

„Распределбата на надоместоците се врши согласно со евиденциите и податоците за користење на делата, а паушално кога не е можно или предизвикува неразумни трошоци, според принципот на правичност, видот на делото, видот и обемот на правото на користење што се пренесува, времетраењето и други битни околности за неговото користење. Под други битни околности за користење на авторското музичко дело особено се сметаат: - комерцијална цел на користење; - големина и карактер на публиката; - географски опсег на медиумот; - фреквенција и интензитет на користење; и - технолошкиот контекст на користењето.“

Член 2

Се менуваат ставот 1 и ставот 2 од член 46 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/14, бр. 36/16, „Службен весник на Република Севера Македонија“ бр. 147/23, бр. 263/23, бр. 286/23, бр. 135/24, бр. 218/24 и бр. 275/25) и иститe по промената ќе гласат:

„Пресметката на авторскиот надомест се врши врз основа на ефективното траење на изведбата, емитувањето или било каква употреба на музичкото дело, притоа особено имајќи ги предвид сите релевантни битни околности за определување на висината на авторскиот надоместок во смисла на член 41 став 1 од овој Правилник и член 66 в. в. член 144 став 2 од ЗАПСП.

Вредноста за 1 (една) минута траење на авторското музичко дело се определува со коефициент 1 (еден), кој го утврдува Собранието по предлог на Управниот одбор.“

Член 3

Се брише ставот 7 од член 46 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/14, бр. 36/16, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/23, бр.263/23, бр.286/23, бр.135/24, бр.218/24 и бр. 275/25).

Член 4

Се врши нумеричка корекција на одредбите од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/14, бр. 36/16, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/23, бр. 263/23, бр. 286/23, бр. 135/24, бр. 218/24 и бр. 275/25), на начин што:

- Поранешниот став 8 од член 46 станува став 7;
- Поранешниот член 49 станува член 47;
- Поранешниот член 50 станува член 48;
- Поранешниот член 51 станува член 49;
- Поранешниот член 52 станува член 50;
- Поранешниот член 53 станува член 51;
- Поранешниот член 54 станува член 52;
- Поранешниот член 55 станува член 53;
- Поранешниот член 56 станува член 54;
- Поранешниот член 57 станува член 55;
- Поранешниот член 58 станува член 56;
- Поранешниот член 59 станува член 57;
- Поранешниот член 60 станува член 58;
- Поранешниот член 61 станува член 59;
- Поранешниот член 62 станува член 60;
- Поранешниот член 63 станува член 61;
- Поранешниот член 64 станува член 62;
- Поранешниот член 65 станува член 63;
- Поранешниот член 66 станува член 64;
- Поранешниот член 67 станува член 65;
- Поранешниот член 68 станува член 66;
- Поранешниот член 69 станува член 67;
- Поранешниот член 70 станува член 68;
- Поранешниот член 71 станува член 69;
- Поранешниот член 72 станува член 70;
- Поранешниот член 73 станува член 71;
- Поранешниот член 74 станува член 72;
- Поранешниот член 75 станува член 73;
- Поранешниот член 76 станува член 74;
- Поранешниот член 77 станува член 75;
- Поранешниот член 78 станува член 76;
- Поранешниот член 79 станува член 77;
- Поранешниот член 80 станува член 78;
- Поранешниот член 81 станува член 79;
- Поранешниот член 82 станува член 80;
- Поранешниот член 83 станува член 81;
- Поранешниот член 84 станува член 82;
- Поранешниот член 85 станува член 83;
- Поранешниот член 86 станува член 84;
- Поранешниот член 87 станува член 85;
- Поранешниот член 88 станува член 86; и
- Поранешниот член 89 станува член 87.

Член 5

Овој Правилник за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци ќе се применува почнувајќи со распределбата на авторските надоместоци за 2026 година, што ќе биде утврдена со општата пресметка во 2027 година.

Член 6

Овој Правилник се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и влегува во сила на денот на објавувањето.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-1241/11 | Собрание на ЗАМП |
| 13 октомври 2025 година | Претседател |
| Скопје | **Дејан Момироски,** с.р. |